**СОЈУЗ НА МАТЕМАТИЧАРИ НА МАКЕДОНИЈА**

## ОПШТИНСКИ НАТПРЕВАРИ ПО МАТЕМАТИКА 2020 (25.01.2020)

- Пријавување на учениците за учество на општинските натпревари **се врши исклучиво со пополнување на образец (пријава во Excel формат)** достапен на www.smm.org.mk **и испраќање на истиот најдоцна до 20.01.2020 година (до 23.59 часот)** на smm.sredno@gmail.com. Пријавите кои ќе бидат испратени по определеното време, без разлика на причината за задоцнувањето нема да бидат земени во предвид и на учениците **НЕМА** да им биде дозволено учество на натпреварите. **Со цел поуспешна организација на општинските натпревари СММ препорачува учениците да се пријават пред почетокот на зимскиот распуст. Со оглед на краткиот период за организација, Ве молиме за коректност и навременост.**

  Сите полиња во пријавата треба да бидат пополнети со кирилична подршка (Фонт: TimesNewRoman, големина на фонт: 10). Пријавите направени без пополнување на формуларот, како и пријавите кои нема да бидат целосно пополнети нема да бидат земени во предвид.

- **ВАЖНО: Согласно одлука на Управниот одбор, почнувајќи од оваа година, за натпреварите по математика се воведува котизација за учениците. За целиот циклус натпревари, почнувајќи од општинскиот натпревар па натаму, секој ученик, треба на сметката на СММ, еднократно, да уплати износ од 400 денари, заклучно со датумот на пријавување 20.01.2020.**

  Сметката за уплата може да се најде на страната на СММ, со цел на дознака-Котизација за натпревари за средно. Се молат менторите, навремено да ги информираат учениците за ваквата промена во системот натпревари. Заедно со пријавата на учениците, менторите се должни да испратат скенирана копија од уплатниците на пријавените ученици.

- Наставниците од општините потребно е да се договорат за одредување на училиштата во кои ќе се одржат општинските натпревари до 30.12.2019 година и местото на одржување да се пријави во СММ. Одредувањето на училиштата за општинските натпревари се врши по кружен систем почнувајќи од општинските натпревари оваа година (или во продолжение на претходните циклуси доколку за тоа има информации). Координаторите, заедно со претседателот на Комисијата за натпревари за средно образование при СММ, ќе го подготват конечниот список на училиштата во кои ќе се одржат општинските натпревари.

- Координатор за секоја општина ќе биде наставник од училиштето домаќин на општинскиот натпревар. Листа на координатори дополнително ќе биде објавена на www.smm.org.mk.

- Потребно е наставниците да направат **еден** список во кој ќе ги пријават сите ученици на кои наставникот им е ментор и ќе учествуваат на општинските натпревари (Да не се испраќа пријава за секој ученик поодделно и списокот да не се модифицира и препраќа по повеќе пати). Во Excel документот, учениците се внесуваат за секоја година во поединечен sheet.

Список на сите пријавени ученици ќе биде објавен на страната на СММ.

- Темите за натпреварите се објавени на страната на СММ.
- Изборот на задачи за натпреварите е должност на комисијата за натпревари за средно образование. Согласно претходно востановената практика, за општинските и регионалните натпревари комисијата има обврска да изврши избор на 2 (од вкупно 4) задачи од објавените задачи од рубриките Задачи од училницата и Задачи, од научно-популарното списание Сигма, **само од оваа учебна година**.

**Обврски на училиштата домаќини на општинските натпревари**

1. Обезбедува простории за одржување на натпреварот на учениците натпреварувачи, просторија за нивните ментори и просторија за работа на комисијата со компјутер и печатач.
2. Обезбедува по едно лице – тестатор (од наставниците кои не предаваат математика) за присутност во секоја просторија каде има натпреварувачи.

## РЕГИОНАЛНИ НАТПРЕВАРИ ПО МАТЕМАТИКА 2020 (8.02.2020)

**Потребно е да се пријават училишта за домаќини на регионалните натпревари по математика.**

Пријавување на интерес за домаќини кај претседателот на Комисијата за натпревари за средно образование при СММ, доц. д-р Анета Гацовска-Барандовска на smm.sredno@gmail.com.
Информациите дополнително ќе бидат објавени на страната на СММ.

**Обврски на училиштата домаќини на регионалните натпревари по математика.**

1. Обезбедува простории за одржување на натпреварот на учениците натпреварувачи, просторија за нивните ментори и просторија за работа на комисијата со компјутер и печатач.
2. Обезбедува по едно лице - тестатор (од наставниците кои не предаваат математика) за присутност во секоја просторија каде има натпреварувачи.

Претседател на СММ

Проф. д-р. Ѓорѓи Маркоски

Скопје, декември 2019